**ИНДУСТРИСКИ ЗОНИ**

Согласно Генералниот урбанистички план за град Кочани, намената "Г" – Производство, дистрибуција и сервиси зафаќа површина од 200,92 ха. Во рамките на планскиот опфат – 19,45 % од просторот е ангажиран за производство, дистрибуција и сервиси со основни класи на намена:

- Г2- Лесна индустрија
- Г3 – Сервиси
- Г4 – Стовариште

Градски четврти во рамки на кои е планирана намена "Г" се следниве:

- Градска четврт 1, чии граници се совпаѓаат со осовината на ул. Теодосија Паунов на југ, ул. Енгелсова на запад и граница на ГУП на Град Кочани на исток, намената Г- Производство, дистрибуција и сервиси, е застапена со 8,50 ха со основна класа на намена Г2, Г3 и Г4 .
- Градска четврт 6, чии граници се совпаѓаат со осовината на ул. Страшо Ербапче на запад, со осовината на ул. Стево Теодосиев на југ, осовина на регулирано речно корито на Кочанска Река на исток и граница на ГУП на Град Кочани на север, намената Г- Производство, дистрибуција и сервиси, е застапена со 0,73 ха со основна класа на намена Г2, Г3 и Г4 .
- Градска четврт 7, чии граници се совпаѓаат со осовината на ул. Страшо Ербапче на север, со осовината на ул. Новопланирана 3 на исток, со осовината на ул. Новопланирана 4 на југ и граница на ГУП на Град Кочани на запад, намената Г- Производство, дистрибуција и сервиси, е застапена со 36.41 ха со основна класа на намена Г2, Г3 и Г4 .
- Градска четврт 11, чии граници се совпаѓаат со осовината на ул. Новопланирана 4 на север, со осовината на ул. Новопланирана 4 на исток, со осовината на регулирано корито на канал на југ и со граница на ГУП на Град Кочани на запад., намената Г - Производство, дистрибуција и сервиси е застапена со 28,36 ха, со основна класа на намена Г2, Г3 и Г4 .
- Градска четврт 12, чии граници се совпаѓаат со осовината на ул. Роза Петрова на исток, со осовината на магистрален пат А3 на југ, со осовината на регулирано корито на канал на север и со граница на ГУП на Град Кочани на запад, намената Г - Производство, дистрибуција и сервиси е застапена со 35,66 ха, со основна класа на намена Г2, Г3 и Г4 .
- Градска четврт 14, чии граници се совпаѓаат со осовината на ул. Стево Теодосиев на север, осовина на регулирано речно корито на Кочанска Река на исток, ул. Димитар Влахов на запад и со осовината на магистрален пат А3 на југ, намената Г - Производство, дистрибуција и сервиси, е застапена со 1,90 ха со основна класа на намена Г2, Г3 и Г4 .
- Градска четврт 16, чии граници се совпаѓаат со осовината на ул. Никола Карев на запад, со осовина на ул. Теодосија Паунов на Север, со осовина на ул. Новопланирана 5 на исток и осовина на Новопланирана 1 на југ, намената Г - Производство, дистрибуција и сервиси е застапена со 19,48 ха, со основна класа на намена Г2, Г3 и Г4 .
- Градска четврт 17, чии граници се совпаѓаат со осовината на ул. Новопланирана 5 на запад, со осовина на ул. Теодосија Паунов на север, со осовина на постојна железничка пруга на југ и граница на ГУП на Град Кочани на исток, намената Г - Производство, дистрибуција и сервиси е застапена со 35,84 ха, со основна класа на намена Г2, Г3 и Г4 .
- Градска четврт 18, чии граници се совпаѓаат со осовината на ул. Новопланирана 5 на запад, со осовина на постојна железничка пруга на север и осовина на магистрален пат А3 на југ, намената Г - Производство, дистрибуција и сервиси е застапена со 15,23 ха, со основна класа на намена Г2, Г3 и Г4.
- Градска четврт 19, чии граници се совпаѓаат со осовината на ул. Никола Карев на исток, со осовината на ул. Новопланирана 1 на север, со осовината на ул. Новопланирана 5 на исток, со осовина на магистрален пат А3 на југ и граница на ГУП на Град Кочани, намената Г - Производство, дистрибуција и сервиси е застапена со 18,81 ха, со основна класа на намена Г2, Г3 и Г4 .

Вон опфат на Генералниот урбанистички план, усвоени Урбанистички планови вон населено место со намена Г – Производство, дистрибуција и сервиси се:

- Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс за производно, дистрибутивно – откупен центар за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи, м.в Виничка вада КО Кочани.
- Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи, локалитет м.в. Ќерамидница КО Кочани.
- Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс Компостара, КО Кочани, Општина Кочани.
- Урбанистички план вон населено место за изградба на комплекс со основна класа на намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија во м.в Цацков Бунар, КО Тркање, Општина Кочани.